РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 04-479/4

03.02 2026 год.

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор за вработување**

1. За извршител за работното место Помлад соработник за јазична редакција на материјали, во Одделение за јазична редакција, срамнување и техничка подготовка на материјали преведени на албански јазик, Сектор за преведување и толкување, со шифра на работно место СОБ 01 01 В04 000, се избира следниот кандидат:

**- Кадиме Мустафи.**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа одлука, по конечноста на одлуката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со Решение на директорот на Агенцијата за администрација бр.10-2728/3 од 19.12.2025 година, во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работните задачи за работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по Јавниот оглас број 1138/2025, објавен на ден 06.12.2025 година во дневните весници „Слободен печат" „Вечер", и „Коха", како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата до Собранието на Република Северна Македонија достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување бр.10-440/4 од 28.01.2026 година, врз основа на што генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
Марина Димовска

Доставено до:

- Именуваниот;
- Одделение за персонално управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација и
- Одделение за канцелариско и архивско работење - Писарница.

Изработил: м-р Елена Бошковска Маркоска

Одобрил: м-р Дејан Мојсоски